( Образец ПП……)
До Општина Демир Хисар
(имател на информацијата)

**Б А Р А Њ Е**
**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Македонија бр. 101/2019), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Дали во 2024 година вработените во Вашата општина учествуваа на обуки за развивање на нивните дигитални вештини?
   - Ако да, Ве молиме наведете го името на обуката, датумите на одржување на обуката, и бројот на вработени од Вашата општина кои учествувале на обуката.

2. Вкупен број на сите услуги за физички и правни лица кои ги испорача Вашата општина во 2024 година?
   - Физички:
   - Правни:

3. Вкупен број на е-услуги за физички и правни лица кои ги испорача Вашата општина во 2024 година?
   - Физички:
   - Правни:
   - Ве замолуваме за линкови до е-услугите на Вашата општина.

4. Дали Вашата општина предвидува дигитализација на услуги во 2025 година?
   - Ако да, Ве молиме наведете го името на услугата и информација за тоа дали општината има утврдено посебен буџет за нив со точниот износ во денари.

5. Дали во 2024 година, Вашата општина спроведе годишно анкетирање на граѓаните за изјаснување кои нови општински услуги сакаат да им бидат понудени?
   - Ако да, Ве молиме доставете копија од повикот за анкетирање и извештај од собраните мислења/предлози.
   - Ако не, на кој начин го прибирате мислењето и предлозите од граѓаните за развој.

6. Дали Вашата општина предвидува воведување на нови услуги во 2025 година?
   - Ако да, Ве молиме наведете го името на услугата, начинот на нејзино користење (е-услуга или услуга со физичко присуство) и информација за тоа дали општината има утврдено посебен буџет за нив со точниот износ во денари.
   - Доколку не е предвидено воведување на нови дигитални услуги во 2025 година, кои се причините за тоа?

(опис на информацијата која се бара)

Форма во која се бара информацијата:
а) увид
б) препис
в) фотокопија

**г) електронски запис**
д) друго-----------------------------------------------------------------------
(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
а) по пошта
б) телефон
в) факс
**г) е-маил (________________________)** Замолуваме на истата адреса да ни биде доставена и потврда за прием на Барањето.
д) друго-----------------------------------------------------------------------
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Барател на информацијата: __________________________, ______________________________________,
________________- _____- ____________________________

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер )

Во ___________________________ Датум 17.02.2025 година

**Датум:** 18.02.2025

**ДО:** [redacted]

(барател на информацијата)

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Општина Демир Хисар

**ВРСКА:** 18-211/1 од 18.02.2025 година наш број

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог Ви се доставува Решение по бараната информација.

Во прилог Ви се доставува и:

-Информација

Со почит,

Игор Дамјаноски,
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
на Општина Демир Хисар

---------------------------------------

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] имателот на информацијата Општина Демир Хисар го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted], по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со дигиталните услуги во Општина Демир Хисар,се уважува.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted] по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер, имателот на информацијата Општина Демир Хисар, ја доставува информацијата во врска со дигиталните услуги во Општина Демир Хисар.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер на 17.02.2025 година, заведено во архивата на Општина Демир Хисар на 18.02.2025 година под архивски број 18-211/1, која е во согласност со член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација,

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Демир Хисар на 18.02.2025 година, под бр. 18-211/2.

По овластување на Градоначалникот
на Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер

____________________________

Игор Дамјаноски, раководител на одделение
за управување со човечки ресури

**-ИНФОРМАЦИЈА-**

1. Дали во 2024 година вработените во Вашата општина учествуваа на обуки за развивање на нивните дигитални вештини?
   Одговор: Да, Тема: „Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите“, Датум; 23.05.2024 година, Организатор-УСАИД, двајца вработени во Општина Демир Хисар учествуваа на обуката.

2. Вкупен број на сите услуги за физички и правни лица кои ги испорача Вашата општина во 2024 година?
   Одговор: Не водиме евиденција за број на услуги за физички и правни лица кои ги испорачуваме до граѓаните.

3. Вкупен број на е-услуги за физички и правни лица кои ги испорача Вашата општина во 2024 година?
   Одговор: Не водиме евиденција за број на е-услуги за физички и правни лица кои ги испорачуваме до граѓаните.

4. Дали Вашата општина предвидува дигитализација на услуги во 2025 година?
   Одговор: Да, со дигиталната алатка МЗаедница како и со надополнување на постојните услуги и е-услуги кои веќе се имплементирани во нашето работење и кои се достапни на следниве линкови:
   - https://demirhisar.gov.mk/uslugi/e-uslugi/
   - https://demirhisar.gov.mk/registar-na-uslugi/
   - https://demirhisar.gov.mk/uslugi/predlozi-na-graganite/
   - https://demirhisar.gov.mk/prijavi-problem/
   - https://demirhisar.gov.mk/moj-danok-za-mojata-opshtina/
   - https://demirhisar.gov.mk/mzaednicza/

   Напомена: Општина Демир Хисар ќе ги спроведе планираните активности без зафаќање на средства од општинскиот буџет.

5. Дали во 2024 година, Вашата општина спроведе годишно анкетирање на граѓаните за изјаснување кои нови општински услуги сакаат да им бидат понудени?
   Одговор: Не е извршено анкетирање, туку се развиваат општински услуги согласно законските обврски, потребите на граѓаните и капацитетите со кои располага општинската администрација.

6. Дали Вашата општина предвидува воведување на нови услуги во 2025 година?
   Одговор: Да, Општина Демир Хисар континуирано се труди да го унапреди граѓанското учество на локално ниво, да воведе дигитална трансформација на општинските услуги, да ја подобри ефикасноста и да биде водечка општина во областа на транспарентност и отчетност. За остварување на таа цел Општина Демир Хисар се приклучи на семејството општини кои ја користат дигиталната платформа „мЗаедница“, како и надополнување на постоечките и развивање на нови услуги и е-услуги, согласно потребите и можностите.
   Напомена: Општина Демир Хисар ќе ги спроведе планираните активности без зафаќање на средства од општинскиот буџет.

**По овластување на Градоначалникот на Општина Демир Хисар**
**Службено лице за посредување со информации од јавен карактер**
**Игор Дамјаноски,**
**раководител на одделение за управување со човечки ресурси**

**------------------------------------**